РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ЃОРГИ СУГАРЕВ
Бр. 04-394/1
24.12.2025 год.
Битола

Врз основа на член 45, став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019 и 14/2020), член 20-д, од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р. М.„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на Р. С. М.“ број 143/2019 и 14/2020 ), Директорот на ООУ „Ѓорги Сугарев“- Битола донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Јавен оглас**
**за вработување на административен службеник**

I. Во врска со Јавен оглас бр. 883/2025 за вработување на административни службеници во ООУ „Ѓорги Сугарев “- Битола објавен на 28.07.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници “Слободен печат”, “Нова Македонија” и “Коха”, за работното место **ОБН0102В01001-** Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи -Административна служба,еден (1) извршител,**СЕ ИЗБИРА** кандидатот, **Софија Стојановска** со идентификациски код **FEA275F**.

II. Именуваната ќе биде вработена на работно место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на Одлуката за што ќе се донесе решение за вработување односно ќе се склучи договор за вработување на неопределено и полно работно време.
III. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во член 38 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М“ број 275/2019 и 14/2020), предвидена е постапка за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр. 883/2025 за вработување на административни службеници во ООУ „Ѓорги Сугарев“- Битола , објавен на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници “Слободен печат”, “Нова Македонија” и “Коха”, за работно место ОБН0102В01001- Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи -Административна служба, еден (1) извршител, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1970/7 од 21.11.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1970/9 од 15.12.2025, ја спроведе постапката за вработување на административни службеници која се состои од фаза на административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју.

Согласно, Записникот од административна селекција бр.10-1970/8 од 02.12.2025 година, Записникот од спроведен испит за административен службеник бр. 10-1970/11 од 15.12.2025 година, Записникот од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1970/12 од 23.12.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас до ООУ „Ѓорги Сугарев“-Битола достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување по Јавен оглас бр.883/2025, како и Предлог бр.10-1970/14 од 24.12.2025 на кандидати за вработување со најголем број освоени бодови.

Согласно член 45, став (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019 и 14/2020), Директорот на ООУ „Ѓорги Сугарев“-Битола, по добивањето на ранг листата на кандидатите и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.883/2025, одлучи како во диспозитивот на Одлуката,каде за работното место ОБН0102В01001- Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи -Административна служба, еден (1) извршител, се избира кандидатот **Софија Стојановска.**

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ООУ„Ѓорги Сугарев“- Битола
Директор

/Темелкова Биљана/

Доставено до:
-Агенција за администрација
- Оделението за општи и нормативно правни работи
- Избраниот кандидат
- Архива